Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПВРСМ 2021, до 23.9.2020 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

## Општи податоци за здружението / фондацијата

Име на здружението/фондацијата: Фондација Отворено општество - Македонија

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 4030999370170

Седиште и адреса (улица, број, општина): ул. Чедомир Миндеровиќ број 31, општина Центар

Застапник: Фани Каранфилова-Пановска, Извршна директорка

Веб страница: www.fosm.mk

Електронска пошта (e-mail): fosm@fosm.mk, fani.karanfilova@fosm.mk

Телефонски број за контакт: 072/244-859

Лице за контакт: Надица Стамболџиоска, асистентка на извршната директорка

## Предлог- иницијатива
## за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година

**Наслов на иницијативата:** **„Поддршка и развој на граѓанското општество“**

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија) **„Грижа за сите“**

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија) **„Демократија која работи за граѓаните“**

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје) **„Демократија“ / „Граѓанско општество“**

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

Сегашниот систем на државно финансирање на граѓанското општество (ГО) во РСМ, во голема мера се заснова на правна регулатива и практика што е создадена пред неколку децении, и не ги отсликува тековните потреби на граѓанското општество и не ги следи позитивните практики и трендови во ЕУ и во развиените земји. Ваквиот нереформиран систем на државно финансирање, меѓудругото ги креира следниве ризици за потенцијална корупција во секторот: (а) парцијалната регулатива која го утврдува моделот на финансирање на ГО од страна на државата создава простор за злоупотреба; (б) постоење на невоедначени практики на доделување средства за ГО од страна на државните институции, со различен степен на транспарентност (пример отворени/затворени постапки); (в) практики на исплаќање на средствата од буџетот од конта различни од конто 463-трансфери до невладини организации, на пример 464, 472, 425 итн., со што се отежнува увидот и надзорот во целокупното државно финансирање на ГО; (г) систем на одлучување за доделување средствата за ГО кој во голема мера се базира на потребите на извршната власт, а не на ГО.

Финансиската поддршка на ГО со средства од буџетот е уредена во *Законот за здруженијата и фондациите* (член 49) и во *Законот за игрите на среќа и за забавните игри*. Предвидените средства се распределуваат во отворени или во затворени постапки врз база на утврдени основи во незадожителниот *Кодекс на добри практики за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани и фондациите*.

Во насока на спроведување целокупна и сеопфатна реформа на државното финансирање на ГО, во функција на унапредување на околината во која работи и се развива граѓанското општество, што придонесува кон зајакнување на демократското управување, неопходно е:

| Приоритет/цел | Активност | Надлежен орган на државната управа |
|---|---|---|
| **Подобрување на процедурите на планирање, доделување и известување во државното финансирање на ГО.** | Измени и дополнувања на Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани и фондации на ниво на хоризонтален и задолжителен подзаконски акт (Одлука или Уредба) за сите органи на државната управа.<br><br>Неопходно е Кодексот да биде изменет во деловите кои ги уредуваат: (а) планирањето на средствата (задолжителни консултации за приоритетите), (б) одлучувањето за доделување поддршка кон ГО (независни комисии, регулирање на конфликтот на интереси, вклучувањето експерти и претставници на ГО), (в) објавувањето на резултатите, (г) утврдување на правото на жалба на одбиените ГО, (д) мониторингот и евалуација од спроведените проекти итн. | Влада на РСМ/Генерален секретаријат<br>Министерство за правда<br>Министерство за финансии |

| | | |
|---|---|---|
| **Гарантиран и одржлив систем на државно финансирање од централниот буџет со цел да се достигне удел од 30 % (околу 2 милијарди денари) во вкупните приходи на ГО до крајот на 2024 год.** | Измени и дополнувања на Законот за здруженија и фондации<br><br>Дополнувања во годишните планови на Владата (при подготовка на буџетот)<br><br>Измени и дополнувања на Законот за игрите на среќа и за забавните игри посебно член 16 од Законот каде што: 1) се додава развој на ГО регистрирани по Закон за здруженија и фондации, како основа за дополнително финансирање (проширување на опфатот на организации во Законот); 2) износот на средствата се определува на најмногу 50 % од вкупниот приход од игрите на среќа и забавните игри утврден во претходната календарска година, но не помалку од 120 милиони денари; и 3) распределбата на средствата за финансирање на институционалната поддршка на организациите основани врз основа на Закон за здруженија и фондации ја врши Фонд основан со посебен закон, кој ја извршува функцијата за поддршка, унапредување и развој на граѓанскиот сектор. | Министерство за правда<br><br>Влада на РСМ/Генерален секретаријат<br>Сите министерства<br><br>Министерство за финансии<br>Влада на РСМ/Генерален секретаријат и сите ресорни министерства |
| **Воспоставување унифициран начин на планирање на средствата предвидени за ГО.** | Воведување механизми со подзаконски акти со кои ќе се осигура дека планирањето на средствата за ГО ќе биде програмирано само на конто 463, а во исклучителни и специфични случаи тоа ќе се врши преку други конта. Неопходно е допрецизирање на потставките на контото 463, со цел приспособување и дополнување на трансферите кои во моментов изостануваат во евиденцијата. На овој начин, ќе можат да се следат доделените средства кон ГО како целина, а со тоа да се превенираат нетранспарентни постапки за доделување средства. | Влада на РСМ/Генерален секретаријат<br>Министерство за финансии<br>Министерство за правда и другите министерства |
| | Воведување на механизми за унифицирано планирање на | Влада на РСМ/Генерален секретаријат |

| | | |
|---|---|---|
| | средствата во буџетот и обезбедување на повеќегодишно планирање (повеќегодишна буџетска програма) од страна на Владата, со цел поставената повеќегодишна програма да обезбеди одржлив извор на финансирање на ГО. | Министерство за финансии |
| **Унапредување и гарантирање на транспарентноста и отчетноста во планирањето и извршувањето на средствата предвидени за финансирање на ГО.** | Измени на Правилникот за класификација на расходите во насока на допрецизирање на потставките на контата од кои се префрлаат средства кон ГО. | Влада на РСМ/Генерален секретаријат<br>Министерство за финансии и другите министерства |
| **Воспоставување на систем за поддршка и развој на граѓанското општество и ко-финансирање на европските проекти на граѓанските организации.** | Да се донесе нов Закон за Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество, со кој ќе се воспостави независен орган и ќе се уреди статусот и составот, надлежностите, раководењето, управувањето, финансирањето и надзорот на Фондот.<br><br>Фондот ќе биде задолжен за планирање и управување со средствата наменети за развој на ГО регистрирани според Закон за здруженија и фондации (независност од извршната власт). Неопходно е воведување законска основа со која ќе се осигураат изворите за финансирање од државниот буџет и ќе се осигура управувањето на поддршката за ГО од страна на Фондот. Законот треба да ги уреди можностите Фондот да има самофинансирачки активности.<br>Фондот треба да биде вклучен во структурата за идното управување со ЕУ-средствата, со цел да црпи од истите и да управува со фондовите наменети за развој на граѓанското општество (на пример, Европски социјален фонд, структурни фондови). Исто така, Фондот треба да има посебна програма во сопствениот буџет со која ќе се поддржуваат организациите кои имаат добиено ЕУ-проекти. | Министерство за правда |

| | | |
|---|---|---|
| | Донесување Одлука од Владата со која на сите органи на државната управа/буџетски корисници ќе им се наложи во своите програми и повици за поддршка на проектите на ГО да овозможат користење на средствата кои се доделуваат да се користат за кофинансирање на ЕУ-проекти | Влада на РСМ/Генерален секретаријат |

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)
Спроведување на целокупна и сеопфатна реформа на државното финансирање на ГО влијае на унапредување на околината во која работи и се развива граѓанското општество, што придонесува кон зајакнување на демократското управување во земјата.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)
Има финансиски импликации. Дел од потребните средства се обезбедени од Фондација Отворено општество – Македонија.

**Прилози** (со наведување на авторот на документот): „Анализа на финансиската поддршка за здруженијата и фондациите од буџетот на Република Северна Македонија 2017- 2019 година, придружена со компаративна анализа на моделите за државно финансирање од другите земји и предлог-опции на модел за воспоставување и начин за управување со единствениот фонд за институционален развој на граѓанските организации и за кофинансирање на ЕУ-проекти во Република Северна Македонија“; производ на воспоставената соработка меѓу Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Одделението за соработка со невладините организации на Генералниот секретаријат на Владата и Советот на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор со Фондацијата Отворено општество – Македонија, во насока на исполнување на стратегиската цел „Унапредување на системот на државно финансирање на граѓанските организации“, утврдена во Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018-2020). Автори на анализата се: М-р Тања Хафнер Адеми, М-р Виктор Митевски, М-р Виктор Стојкоски и М-р Горан Мојаноски.
Линк до анализата: https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/397.

23.09.2020 година

Потпис на застапникот

Фани Каранфилова-Пановска,
извршна директорка

М.П.
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО-МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *